„Ќе бидам покрај хаудот и ќе гледам кој од вас ќе дојде кај мене. Некои луѓе ќе бидат оддалечени од мене, па ќе прашам: Господару мој, тие се мои, од мојот умет

Есма ќерката на Ебу Бекр, Аллах нека е задоволен со нив, пренесува дека Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рекол: „Ќе бидам покрај хаудот и ќе гледам кој од вас ќе дојде кај мене. Некои луѓе ќе бидат оддалечени од мене, па ќе прашам: Господару мој, тие се мои, од мојот умет. Ќе ми биде речено: Дали знаеш што направија по тебе? Се вратија назад и се откажаа од својата вера.“

[صحيح] [متفق عليه]

Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, објаснува дека на Судниот ден ќе биде на својот хауд за да види кој од неговиот умет ќе дојде до хаудот. Некои луѓе ќе бидат оддалечени од него, па ќе рече: Господару мој, тие се мои и од мојот умет. Ќе му биде речено: Дали (Ти не) знаеш што направија по твоето заминување? Се вратија назад и се откажаа од својата вера, и тие не се ниту твои, ниту од твојот умет.

http://www.sunnah.global/hadeeth/mk/show/65031